РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА,
ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E
DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 18-2394/1
05-03-2026 20 год. / viti

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, У.бр. 53/11 132/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, У.бр.8/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и У.бр.65/17), член 29 од Законот за инвалидски организации ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2008; 59/2012 и 23/2013), член 89 од Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (24/21, 39/25) и член 73 и член 83 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) Министерството за социјална политика, демографија и млади објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за финансирање на програмските активности на здруженија за борба против семејно насилство

## I. Цели на јавниот повик:

1. Обезбедување на финансиска поддршка за проекти/ програми на здруженија за борба против семејно насилство, кои вклучуваат давање на специјализирани услуги за семејно насилство, како услуги на информирање и упатување, услуги на советување и услуги за привремен престој на жени жртви на семејно насилство и нивните деца;

## II. Начин на избор и поблиски критериуми за рангирање на пријавените програми

Врз основа на поднесените предлог програми, согласно поблиските критериуми во јавниот повик, Министерството за социјална политика, демографија и млади ќе изврши избор на програмски/проектни, активности кои ќе бидат финансиски поддржани со средства обезбедени согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри, а прифатените предлог програми/проекти, активности ќе бидат содржани во Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2026 година.

Критериуми за избор на програми и проекти кои што ќе се финансираат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри за 2026 година се следниве:

1. Интерна процедура за утврдување на критериум и методологијата за рангирање и избор на проекти на здруженија за борба против семејно насилство согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија.

## III. Потребна документација

- Пријава - апликација со назначување за која специфична цел од повикот аплицира (1, 2, 3 и 4).
- Предлог-програма или проект со детален опис на целите, конкретен работен план за имплементација и период на реализација на активностите со кои ќе се обезбеди реализација на предвидените цели на проектот.
- Детална финансиска конструкција потребна за реализирање на предвидените активностите на програмата/проектот во која ќе биде вклучена и пресметка на трошоците за плата на лицата кои ќе учествуваат во реализацијата.
- Полн назив и адреса на останатите субјекти со јасно дефинирани активности во текот на реализација на програмата или проектот.
- Вкупен број и квалификациона структура/професионално искуство на лица предвидени за реализација на програмата или проектот.
- Име и презиме и контакт податоци на одговорното лице за реализација на програмата или проектот.
- Информации за претходно искуство на организацијата во реализацијата на слични проекти .

## IV. Износ на средства кои што се доделуваат и временски период во кој што ќе се извршуваат работните активности

Вкупниот износ на средствата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Македонија за 2026 година, ќе се обезбеди согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри и Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2026 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија.

Распределбата на вкупниот износ на обезбедени финансиски средства согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри наменати за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија за 2026 година, ќе биде дефинирана во Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2026 година, а

врз основа на програмските/проектни активности кои ќе бидат прифатени од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Времетраењето на реализацијата на поддржаните програмски/проектни активности ќе биде во согласност со доставените предлог програми/проекти, во текот на 2025 и 2026 година.

## V. Рокови за спроведување на постапката

- Јавниот повик трае три дена од денот на објавување во дневниот весник и на веб страната на Министерството за социјална политика, демографија и млади.
- Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од 15 дена по истекот на рокот за поднесување на пријавите, спроведува постапка за разгледување и избор на предлог програми/проектни активности, врз основа на што ќе ја подготви Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија во 2026 година.

- Договорот за меѓусебните права, обврски и одговорности во реализацијата на финансиската поддршка на националната инвалидска организација, нејзините здруженија и нивната асоцијација, здруженијата за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија Министерството за социјална политика, демографија и млади ќе го склучи во рок од 15 денови од денот на објавување на Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2025 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија во Службен весник на Република Северна Македонија.

- Пријавата со приложените документи треба да се доставaт до архивата или преку пошта на Министерството за социјална политика, демографија и млади на адреса ул. Даме Груев бр.14-Скопје, со назнака за Јавен повик за финансирање на програмските активности на здруженија за борба против семејно насилство.

*Напомена: Пријавите кои ќе пристигнат по предвидениот рок за доставување нема да се разгледуваат.*

**Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, здруженијата за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија, кои ќе бидат поддржани од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, имаат обврска на сите материјали**

(печатени и електронски) кои ќе бидат продуцирани во рамки на овој јавен повик на видно место треба да стои:

Поддржано од:
Министерството за социјална политика, демографија и млади
на Република Северна Македонија